**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 125/21
14/12/2021 година
Неготино

Основен суд Неготино, врз основа на член 20 став 1 алинеја 2, член 39 и член 40 од Законот за судска служба („Сл.весник на РСМ" број 43/2014, ..., 248/2018 и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РСМ" бр.275/2020), како и член 7 и член 23 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Неготино, врз основа на согласноста од Судски буџетски совет на РСМ број 08-928/7 од 07/12/2021 година (точка Б), на ден 14/12/2021 година ОБЈАВУВА

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

**број 1/21**

**ЗА КАРИЕРНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ**

**Категорија помошно-стручни судски службеници:**

**САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ниво Г1 - водител на писарница**

**2 /два/ извршители,**

**шифра на работното место СУД0101Г02001**

**Посебни услови за работното место:**
- најмалку више или средно образование
- најмалку 3 /три/ години работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски)
- активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење

**На интерниот оглас може да се пријават самo судски службеници од Основен суд Неготино кои треба да ги исполнуваат и следните услови:**
-да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
-да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Пријавата за интерен оглас за унапредување е во прилог на Интерниот оглас.**

Кон пријавата кандидатите може да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство
(како ментор или менториран судски службеник)

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пријава, како и пријава во која кандидатот дал лажни податоци нема да се разгледува и кандидатот ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка.

Кандидатите пополнетата пријава со доказите, ја доставуваат во приемната писарница на Основен суд Неготино во затворен плик со назнака „за Интерен оглас".

**Рок за пријавување на огласот изнесува 5 (пет) дена** од денот на објавување на огласот на веб страната на судот.

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**